РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија доставено е прашање во врска со тоа дали постои судир на интереси доколку ангажирано лице во ЈП „Кратово“ преку Агенција за привремени вработувања да ја врши функцијата член на Советот на општина Кратово, избрано на Локалните избори 2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со член 73 и 75 од истиот Закон е предвидено пријавувањето на состојба на судир на интереси од страна на службените лица, како и нивно изземање во ситуации каде постои судир на интереси или потенцијален судир на интереси и тоа:
„Член 73
(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

„Член 75
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Согласно член 44 став (5) од Законот за локалната самоуправа:
„(5) Членот на советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.“

Државната комисија е на став дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не постои забрана вработено лице или ангажирано преку Агенција за привремени вработувања во ЈП „Кратово“ Кратово да ја извршува функцијата член на Советот на општина Кратово.

Државната комисија укажа дека лицето кое ја врши функцијата член на Советот на општина Кратово потребно е да ги има во предвид и да постапува согласно горецитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за локалната самоуправа кога на седници на Советот ќе се разгледуваат прашања поврзани со институцијата каде лицето е вработено/ангажирано бидејќи во спротивно ќе се доведе во состојба на судир на интереси.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**